*ОПШТИНА КАРПОШ*
*ГРАДОНАЧАЛНИК*

МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2009

---

Врз основа на член 35 а во врска со чен 51, став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Карпош, го донесе следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на јавна презентација и јавна анкета за Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели со намена А1-домување во станбени куќи на КП 492/1 КО Бардовци Општина Карпош-Скопје.

Јавната анкета за Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели со намена А1-домување во станбени куќи на КП 492/1 КО Бардовци Општина Карпош-Скопје ќе се одржи од 16.07.2018 година до 20.07.2018 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели со намена А1-домување во станбени куќи на КП 492/1 КО Бардовци Општина Карпош-Скопје ќе се одржи на ден 18.07.2018 година во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Границата на проектниот опфат се поклопува со утврдена градежна парцела ГП 11.22 и претставува дел од КП 492/1 КО Бардовци.

Површината на опфатот на просторот за кој се однесува овој Архитектонско-урбанистички проект изнесува П= 3086 м2.

Анкетните листови за учество ва Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и на системот Е-урбанизам

Соопштениeто за организирање на јавната презентација и јавната анкета, графичкиот приказ за Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели со намена А1-домување во станбени куќи на КП 492/1 КО Бардовци Општина Карпош-Скопје и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица, можат да достават забелешки на анкетни листови во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и во електронска форма преку информацискиот систем Е-урбанизам. согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев